**Известување за концентрација со која Althea Acquisition Bidco S.à rl, Луксембург ќе стекне контрола над AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl, Луксембург (предмет бр. 08-145/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 03.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која, Althea Acquisition Bidco S.à rl, приватно друштво со ограничена одговорност основано и кое постои според законите на Големото Војводство Луксембург, со регистрирано седиште на адресата 28, boulevard FW Raiffeisen, L-2411 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург ќе стекне контрола над AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl со седиште на 5 rue des Capucins, L-1313 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Althea Acquisition Bidco S.à rl**,е во крајна линија контролирана од фондови управувани од филијали на GTCR LLC („**GTCR**“), фирма со приватен капитал фокусирана на инвестирање во компании во раст во индустриите за финансиски услуги и технологија, здравствена заштита, технологија, медиуми и телекомуникации и деловни и потрошувачки услуги. GTCR има седиште во САД. GTCR генерира само маргинални приходи во Северна Македонија преку компаниите во нејзиното портфолио кои се контролирани од неа.

**AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl** е друштво за посебна намена и управува со групацијата на компании Zentiva - специјализирана за развој, производство и комерцијализација на висококвалитетни лекови по прифатливи цени.

AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl е присутна во Северна Македонија преку едно зависно друштво на Zentiva – Друштво за трговија и услуги ЗЕНТИВА ПХАРМА МАКЕДОНИЈА експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Јордан Мијалков“ бр. 48-1/1-2, 1000 Скопје, со регистрирана дејност 46.460 - трговија на големо со фармацевтски и медицински производи.

Според подносителот на известувањето предметната концентрација се однесува на пазарот на производи за трговија на големо со готови фармацевтски производи на територијата на Република Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.10.2025 година
Скопје